**21.05.2013**




Претседателот д-р Живко Митревски зборуваше за ставовите и стратегијата на ССМ против овие појавиДенес и утре во Скопје, во хотелот “Арка“, во организација на Светската конфедерација на синдикатите (International Trade Union Confederation - ITUC) и на Паневропскиот регионален совет – ПЕРК, се одржува Конференција за градење синдикални стратегии за  оданочувањето, неформалната економија и корупцијата.

Воведното излагање го изложи претставникот на ИТУЦ Ениса Салимовиќ. Григор Градев, извршен секретар на ИТУЦ – ПЕРК, зборуваше на тема "Информализација на корупцијата", Христина Петкова за "Формирање нерегистрирани фондови и употреба на плати, трансакции со кеш, поткуп", Христина Митрева за "Политика на прагови на социјалните придонеси за пензии и здравство во фондовите", Крастјо Петков за "Активности за организирање домашни работилници во Бугарија и Југоисточна Европа", додека Мартин Хутсебаут од Европската конфередација на синдикати зборуваше на темата "Оданочување".

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски зборуваше за значењето на овие општествени состојби и ги изложи ставовите и оперативните залагања на ССМ.

На конференцијата присуствуваат претставници на повеќе синдикати од Југоисточна Европа, кои ќе расправаат за градење стратегии на синдикатите за дејствување против овие појави.